

# Општината пред очите на граѓаните



ДЕЛЧЕВО

## ОТЧЕТ

Една година локална власт 2021-2022

Почитувани сограѓани и сограѓанки,

Да се работи за Делчево и за делчевци е чест и привилегија, но и голема обврска која мотивира бескомпромисно да се вложуваш и да создаваш подобар квалитет на животот на своите сограѓани. Секогаш потенцирам дека вложениот труд се исплати-бидејќи за својот роден град се работи.
Вашата доверба дадена повторно на изборите минатата година ме обврзува и ме мотивира максимално да се вложувам и да барам решение за проблемите. За Делчево и за моите сограѓани и сограѓанки, вложивме сѐ. Сите ресурси максимално ги ангажиравме за да кажеме: да, ние работиме, ние ја градиме нашата општина, која заслужува да биде европска урбана средина со задоволни граѓани.
Поминуваме заедно тежок период обременет со здравствена, но и енергетска и економска криза. Но, исправени сме пред предизвикот и не застануваме, туку напротив продолжуваме максимално посветени. Решававме децениски проблеми оставани „под тепих" од моите претходници, реализиравме капитални проекти со цел да создадеме подобар квалитет на животот на нашите сограѓани.
Како градоначалник и со поддршка на мојот тим, изминативе 12 месеци, како период во кој се прави пресек во работата, ги искористивме посветувајќи се на дореализација на започнатите проекти, но и подготовка за реализација на нови кои ќе донесат подобар квалитет на животот во Делчево.
Во овие 12 месеци локална власт, обезбедени се инвестиции во висина од над 180 милиони денари. Овие средства сами не се одработуваат, потребна е тимска и макотрпна работа и максимална посветеност. Во оваа прилика изразувам благодарност до вработените во Општина Делчево за нивната посветеност и одговорност во подготовката на потребната техничка документација и реализацијата на проектите, за нивниот ангажман и прекувремената работа. Затоа, од овде денеска сакам да испратам порака и остро да се спротивставам на одредени советници кои јавно и безобразно ја напаѓаат општинската администрација и, како градоначалник, застанувам на страната на работниците и нема да се согласам со кршење на нивните права утврдени со закон, напротив, следејќи ги насоките од Владата и законските регулативи, ќе работам во насока, работникот да биде почитуван и мотивиран. Омаловажувајќи ги работниците, ниту еден кој седнал во фотелја во некој орган на управување, нема да си го зголеми угледот во средината. Угледот се заслужува со работа и со домашно воспитување. Во таа смисла е извршено и усогласување на платите и на пожарникарите и на вработените во Општината кои земаа минимална плата.
Почитувани граѓани, во претходниот мандат имавме инвестиции над 500 милиони денари, во оваа прва година од вториот мандат инвестиции над 180 милиони денари во нашата општина, коишто се видливи и на задоволство на сите граѓани, со максимална моја посветеност, со максимална посветеност на општинската администрација, за да ги реализираме сите овие инвестиции и затоа ќе работам и понатаму на унапредувањата на правата на вработените во општинската администрација, затоа што тоа го заслужуваат и затоа што по закон тоа им следува.

Со почит,
Градоначалник на Општина Делчево
Горан Трајковски



# Транспарентна општина

## Општината пред очите на граѓаните

- Исплатени студентски и ученички стипендии и награди: 650.000 илјади денари.
- Исплатен надоместок за новороденчиња: 153 илјади денари.
- Еднократна парична помош: 635 илјади денари
- Исплатен надоместок за првачиња: 320.000 денари
- Исплатен надомест за одземен имот: 1.000.000 ден
- Исплатени стари обврски во износ од 850.000 ден.
- Исплатени две рати од кредитот за детската градинка во износ од 2 милион денари
- Исплатени капитални расходи 17.000.000 ден
- Одржување улици и патишта 1.600.000 ден.
- Наплата за спроведена легализација 660.000 ден.

## Транспарентна општина

- Потпишана Декларација за отвореност, отчетност и транспарентност на Локалната самоуправа. (Иницијативата на Фондацијата „Метаморфозис“ во рамки на Проектот за граѓанско учество со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД)).
- Активната транспарентност на Општина Делчево во 2022 година изнесува 88,6 % (од можни 100 %) со што Општина Делчево трета година по ред се пласира во групата институции со ’многу добра‘ активна транспарентност што значи исполнување на обврските од 80 % до 100 %. Со овие бодови, општината се наоѓа на 23-та позиција од вкупно 98 рангирани институции или трета општина по транспарентност во Источниот регион.
- Според ЦЕА -Индексот на буџетска транспарентност, Општина Делчево е во топ 13 општини со 14 индексни поени што е подобрување за 1 поен во споредба со минатата година.
- Интензитетот на даночна транспарентност за 2021/2022 Општина Делчево е оценета со 55% и Општина Делчево е во групата општини со висок степен на даночна транспарентност.
- Побарани и целосно одговорени 32 барања за информации од јавен карактер.
- Поставен банер на веб-страницата за најбрз пристап до информациите од јавен карактер.
- Спроведени три анкетни прашалници: мерење на квалитетот на услугите на Општина Делчево; Мерење на квалитетот на веб-страницата; Прашалник за собирање предлози за Буџетот на Општина Делчево за 2021 и 2022г.
- Во тек реализација на проектот за дигитализација на услугите во Општина Делчево (проект преку ИПР).



# Инфраструктурни проекти

# Инфраструктурни проекти



Почна изградбата на пречистителната станица за вода за пиење со придружни објекти и фотоволтаична централа во рамките на Проектот за подобрување на водоснабдување на Делчево. Паралелно се градат нови водоводи во с. Ѕвегор и с. Габрово. Вкупниот проект „Водоснабдување на Делчево" е во износ од 7, 3 милиони швајц.франци од кои 6 милиони се донација од Швјацарската конфедерација, а 30.000 швајцарски франци контрибуција на Општина Делчево.

Во тек е тендерот за изградба на новата детска градинка во населбата Расадник во Делчево со која ќе се опфатат 150 дечиња. Изградбата и опремувањето на градинката чинат 50,6 милиони денари, средства обезбедени од Владата на РСМ преку МТСП и 5% кофинансирање од Општина Делчево.





Градскиот пазар е во завршна фаза. Вредноста на проектот е 45 милиони денари. Од нив 50% се средства инвестирани од Општина Делчево , а останатите се преку Владата на РСМ од Агенција за финансиска поддршка на руралниот развој и Центарот за развој на Источно-планскиот регион.

Изградена првата атрактивна фонтана во центарот на Делчево. Фонтаната „Бесконечност" е подарок од иселениците Виктор Коларски и Антонио Витановски, фирмата „Фротирка-компани" Делчево и Општина Делчево. Вкупната вредност е 2.8 милиони денари.





# Енергетска ефикасност

# Енергетска ефикасност

- Склучен договор за набавка на 90 лед светилки во рамки на грантот од  Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран преку Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка),  во висина од 1,4 милиони денари.
- Отпочната постапка за изработка на Стратегија за енергетска ефикасност на Општина Делчево, со поддршка на ХАБИТАТ-МАкедонија;
- Инсталирање фотоволтаици во СОУ „М.М.Брицо“ (инвестиција преку Фондација отворено општество Македонија).
- Издадени одобренија за изградба на 6 фотонапонски централи  поставени на земја со вкупна инсталирана моќност од 4.746 КВ.
- Издадени 5 решенија за фотонапонски панели на кров со вкупна инсталирана моќност од 947 КВ.

# Реконструкција на водоводната мрежа во Делчево



Реконструкција на водоводната мрежа во три населби во Делчево со вкупна должина од 4,5 км. Се реконструира водоводната мрежа во населбите дел во Ново Делчево во должина од 1.8 км, дел во населбата Милково Брдо во должина од 2,3 км, замена на потисен цевковод во должина од 450 м.. Вредноста на проектот е 18  милиони денари, средства во висина од 15 милиони се обезбедени од МТВ, а 3, 5 милиони од Општина Делчево.

Преку МТВ и Програмата за поддршка за имплементација на декадата и Стратегијата на Ромите се реконструираше дел од дистрибутивната мрежа во Делчево- зона обиколен цевковод-крак 4 на дел од ул „Плачковица“ во должина од 400 м . Вкупната вредност на проектот е 2,3 милиони денари.





# Водоводната мрежа

# Реконструкција на водоводната мрежа во Делчево

Изградена е нова водоводна мрежа во населба „Пролет“ во должина од околу 400 м. со што сите новоизградени објекти во населбата имаат можност да се приклучат на градскиот водоводен систем. Инвестицијата за изградба на водводна мрежа во населбата Пролет е на Општина Делчево, а работите ги извршува ЈКП „Брегалница“





Извршена е санација и бетонирање на патеките и платформата пред Спомен-дом АСНОМ со површина од 960м2

Продолжува проектот за санација и уредување на јавните чешми: нов лик доби познатата чешма над с. Ѕвегор покрај магистралниот пат за соседна Бугарија



- Почеток на реконструкција на водоводната мрежа  на улиците „Солунска“, „Ванчо Прке“ и „Острец“ со вкупна должина од 800 метри. Инвестиција од 3,1 милион денари преку МТВ.
- Поставена е нова водоводна линија на новиот градски пазар и околните парцели во должина од 200 м,
- Поставена е и инсталација за атмосферска канализација на улицата кај новиот градски пазар во дочжина од 300 м..




# Улици и патишта

# Улици и патишта



Заврши изградбата на локалниот пат Делчево-Тработивиште во должина од 5,3 км. Реконструирани улиците „Скопска“, дел од „Орце Николов“ и критичната точка на ул „Острец“ со изградба на потпорен ѕид. Проект за подобрување на патната инфраструктура на МТВ со вредност од 48 милиони денари.




Изградена нова улица „Улица бр 3“ во централното градско подрачје во Делчево во должина од 370 м. Вредноста на проектот изнесува 7.5 милиони денари од кои 5.2 милиони денари се обезбедени преку проектната единица на Министерство за финансии и проектот за подобрување на општинските услуги МСИП 2 финансиран преку Светска Банка. Останатите средства се обезбедени по пат на кофинансирање од Буџетот на Општина Делчево.



Крак на ул „Кеј на Брегалница“ во населбата Трети Реон



Ул. „Грозданец“ во населбата Расадник

# Улици и патишта



Две улици во населбата Басарица



Потпорен ѕид на ул „Маршал Тито“




Рехабилитиран селскиот пат во с. Вирче во должина од 1, 3 км, вредноста на проектот е 2,5 милиони денари



Поставена хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на нови и реконструирани улици

# Улици и патишта

## Наскоро треба да започне:

- Реконструкција на дел од „Орце Николов“ во должина од  200 метри
- Изградба на крак од „Орце Николов“ во должина од 60 м.
- Две улици во населба Басарица
- Крпење на ударните дупки на сообраќајниците низ градот
- Изградба на потпорен ѕид на ул. „Острец“ во должина од 33 метри

# Подготвена техничка документација:

- Проект за реконструкција и продолжување на дел од „Орце Николов“,
- Проект за пристапна улица кон социјалната зграда во Делчево,
- Проект за внатрешно уредување на градскиот пазар со паркинзи и улица,
- Проект за изградба на две улици: улица 3 и улица 5 во населба „Пролет“,
- Проект за реконструкција на бул „Македонија“,
- Проект за санација и реконструкција на свечената сала во Спомен-дом АСНОМ

## Инвестиции во противпожарна заштита



Ново противпожарно возило за ТППЕ Делчево



Донација од две противпожарни возила и опрема за делчевските пожарникари од Доброволната противпожарна бригада во Општина Чрномељ, Република Словенија

## Инвестиции во образовните институции



Конгресна сала во СОУ „М.М.Брицо“. Инвестиција на училиштето вредна 3, 5 милиони денари



Во ООУ„Св.Климент Охридски“ во тек е преадаптација на поткровниот простор во училиштето и негова пренамена за библиотека-медијатека, простории за музичка секција и ликовна секција финансиран од МОН во вредност од 4,3 милиони денари

# Инвестиции во образовните институции



Во ООУ „Св.Климент Охридски“ отворена сензорна соба за потребите на учениците со посебни потреби. Заедничка инвестиција на училиштето, општествено одговорни фирми и поединци



Во ООУ „Ванчо Прке“ во тек е реконструкција на санитарните јазли. Вредност од 6,8 милиони денари преку МОН




Во ООУ „Ванчо Прке“ во тек е изградба на енергетско-ефикасната фасада на училиштето. Средствата во висина од 5,1 милион денари се обезбедени преку Договорот со ТАВ



Во ООУ „Ванчо Прке“ изградено инклузивно игралиште „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, финансиран од Европската Унија во висина од 307. 500 ден. Поддршката од Општина Делчево за овој проект е околу 120. 000 ден

# Инвестиции во образовните институции



Во двете основни училишта, како дел од проектот на МОН за опремување на кабинетите по природните науки во основните училишта комплетно се опремени кабинетите по природни науки



Отворено детско катче и набавени нови наслови во вредност од 350.000 денари во ЈЛБ „Илинден“

Во ЈЛБ„Илинден“ инвестиции во подобрување на условите за чување на библиотечниот материјал



Во детската градинка „Весели цветови“ перманентно се набавуваат нови дидактички материјали и играчки, а се инвестира и во подобрување и осовременување на условите за престој на дечињата

# Чиста животна средина



Засадени украсни садници по должината на булеварот „Македонија“

Преку ИПА -проект на Владата и Министерството за животна средина започнавме со затворање на дивите депонии во Делчево





Поставени 5 контејнери за селектирање отпад од стакло во Делчево врз основа на потпишаниот Договор со Пакомак што треба да значи почеток на селектирање на отпадот во Делчево

Набавени и распоредени 169 контејнери со зафатнина 1,1 м3 преку проектот „Набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад во Источен и Североисточен плански регион” финансиран со средства од ИПА- програмата за регионален развој на Европската Унија






Организирани еколошки акции по повод Денот на пролетта

# Родова еднаквост



Изработка на нова Стратегија за родова еднаквост и акциски планови за родова еднаквост



„Со розово за женското здравје“- активност на КЕМ и ЈЛБ „Илинден“ за подигање на свеста на жените за редовни контроли на дојка



Иницијатива на КЕМ: воведени редовни ехопргледи на дојка во Здравствениот дом „Гоце Делчев“



Потпишана Декларацијата за поддршка на женското претприемништво и поддршка на Националната платформата за женско претприемништво

# Локален младински совет



Организирана хуманитарна акција насловена „Новогодишна трпеза за сите“



Средби со учениците од училишните заедници во основните и средното училиште со цел утврдување на приоритетите и интересите на младите во Општина Делчево




Организирање пинг-понг турнир во машка и женска конкуренција во пресрет на одбележувањето на  Денот на ослободувањето на Делчево, 7 Септември и Денот на независноста на Република Северна Македонија, 8 Септември

Општина Делчево склучи Меморандум за соработка со Коалиција на младински организации СЕГА за спроведување на прокетот „Младите може да бидат слушнати“. Во рамки на овој проект, чијашто цел е зголемување на учеството на младите во процесите на донесување одлуки на локално и на национално ниво, ЛМС спроведе неколку активности, помеѓу кои и  локална дискусија со млади за предлагање на иницијативи за подобрување на животот на младите во оштината и нивните очекувања од младинскиот совет



# Програма РОМАКТЕД



Во тек е подготовка на акциски план за намалување на последиците од КОВИД 19 кај ромската етничка заедница во пост-КОВИД период на локално ниво Општина Делчево со период на имплементација 2023 година -2024 година

Во тек е подготовка на акциски план на Општина Делчево и ромската етничка заедница за период 2023 година до 2026 година





Во тек е подготовка на Стратегија за кризен менаџмент на општинско ниво за период 2023 година -2026 година

Во тек се обуките за јакнење на капацитетите на општинската администрација во делот за подготовка на проекти од ЕУ/ИПА -фондовите за општините

# Културни настани






Делчево-фест и Пијанечко-малешевска свадба



Голачки фолклорни средби



Делчево домаќин на државната свеченост по повод 7 Мај-Денот на македонската полиција




Промовирана „Собата на Димитар Узунски“

# Културни настани



Концерти во рамките на Делчевско културно лето



Одбележан Ден на Ромите во Делчево







Настани по повод 7 Септември-Свечена седница-доделени општински награди „7 Септември“





Промоција на монографијата од Драган Арсовски и Софрон Ѓеоргиевски „Паметници на Царево Село-цркви и манастири и сведоштва на царевоселци“

**Општина Делчево**

ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
email: info@delcevo.gov.mk

**www.delcevo.gov.mk**